ООУ„БРАТСТВО ЕДИНСТВО“ ОХРИД

# КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ НА РОДИТЕЛИ

1. Родителот/старателот е должен своето дете редовно и на време да го праќа во училиште

2. Родителот/старателот е должен да го почитува Протоколот за работа на училиштето во услови на Ковид 19 за учебната 2020/2021 година

3. Родителот/старателот е должен пред поаѓање на училиште да ја измери телесна температура на своето дете

4. Родителот/старателот веднаш го информира одделенскиот наставник, доколку неговото дете има покачена телесна температура над 37,4 степени

5. Родителот/старателот кој го придружува своето дете, го испраќа до означените места за застанување на минимално дозволено растојание во училишниот двор и го предава на одговорното лице пред влезот на училиштето

6. Родителот/старателот е должен во училишниот двор да одржува физичко растојание од 2 метри од другите ученици и родители

7. Родителот/старателот не влегува во просториите на училиштето

8. Родителот/старателот/образовен или личен асистент на дете со посебни потреби може да го придружува своето дете во училиште со задолжително носење заштитна маска и почитување на сите пропишани правила и протоколи за движење и однесување во училиштето

9. Родителот/старателот редовно го следи процесот на учење, успехот и поведението на своето дете

10. Родителот/старателот одржува редовна комуникација со одделенскиот раководител на неговото дете

11. Родителот/старателот е должен да одговори на поканите на одделенскиот раководител за индивидуален разговор и негово итно присуство во училиштето заради констатирана потреба иницирана од здравствената состојба на неговото дете

12. Пренесувањето на информации и состаноци со наставниците се одвива преку телефон, електронска пошта или друг тип на електронска комуникација

13. Родителот/старателот треба да ги прифаќа препораките на стручната служба и да се обрати во посочените установи заради утврдување на определени состојби и правилен третман на неговото дете

14. Родителот/старателот е должен да ја почитува личноста на другите родители, ученици, наставници и други вработени во училиштето

15. Родителот/старателот ги знае правилата на однесување во училиштето и го мотивира своето дете тие правила да ги прифати и почитува

16. Родителот/старателот го советува своето дете да ги извршува своите училишни обврски и да не ги повредува правилата на воспитно – образовната работа

17. Родителот/старателот гради партнерски односи со наставниците со цел навремено, објективно и квалитетно информирање за тековните случувања во образованието и воспитанието на неговото дете

18. Секој родител/старател се обврзува да го почитува и спроведува овој Кодекс на однесување

**КОДЕКСОТ НА ОДНЕСУВАЊЕ** е донесен на предлог на Наставничкиот совет и е во согласност со Протоколот за постапување на основните училишта во Република Северна Македонија за реализација на воспитно-образовниот процес со физичко присуство на учениците во учебната 2020/2021 година објавен во Службен весник број 109 од 27 август 2020 година и на официјалната страна на МОН.